С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 11 година XLII** 16 **Јуни 2006**	Претплата за 2006 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

131.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

Се прогласува Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.06.2006 година.

Број 0801-2285/1
16.06.2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05), а согласно член 16 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2006 година („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.15/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 15.06.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за **одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес**

1. На Живко Ѓурчиновски од с. Раштани за санирање на штета направена од пожар на неговата куќа, се одобрува еднократна помош во висина од 30.000,оо денари.

2. На Драги Трајковски од с. Караслари за санирање на штета направена од пожар на неговата куќа, се одобрува еднократна помош во висина од 5.000,оо денари.

3. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2006 година, Програма А - Совет на Општина Велес, Потпрограма АО - Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413, потставка 413110 - тековни разерви (разновидни расходи).

4. Се задолжува Одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот при Општина Велес да го изврши наведеното решение.

5. Ова Решение влегува во осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2279/3
5.06.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

132.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на член на Управниот одбор на ЈКП "Дервен" Велес

Се прогласува Решението за именување на член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.06.2006 година.

Број 0801-2285/2
16.06.2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 17, став 1 од Законот за јавни претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96, 49/06), член 2, став 1, алинеа 2 од Одлуката за утврдување на бројот на членови на Управниот одбор на ЈКП "Дервен" ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.2/97) и член 23, став 1, точка 5 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.06.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на член на Управниот одбор на ЈКП "Дервен" Велес

1. За член во Управниот одбор на ЈКП "Дервен" Велес се именува:

- Владо Мурџев - дипломиран машински инженер

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2279/4
15.06.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

133.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес", бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес

Се прогласува Решението за именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.06.2006 година.

Број 0801-2285/3
16.06.2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 26, од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96, 49/06) и член 23, став 1, точка 5 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.06.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Дервен" Велес

1. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Дервен" Велес се именува:

- Александра Петковска - дипломиран економист

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2279/5
15.06.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Бр на акт **Страница**

131	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е** за **одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес**	180
132	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на член на Управниот одбор на ЈКП "Дервен" Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за именување на член на Управниот одбор на ЈКП "Дервен" Велес**	180
133	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Дервен" Велес**	181

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00